# СЕДАМ САМ СО СВОЈОТ ПЛАМЕН ВО ГРАДИТЕ

Седам сам,заробен во зелената одаја на дворот.
Нема никого : ни пријатели,ни блиски,ни непознати.
Сѐ е смирено.Само тишината ги дебне и ги лови
немирните шумови на лисјето и веднаш ги скаменува.

Ноќта се отвора благородно како цвет што разденува.

Пука некоја невидлива пупка на црвен трендафил
и од пукнатите лисје вирка пожар со црвено лице.
Пупката расте,се шири и сиот двор го опарува,
но за миг црвениот трендафил исчезнува и пожарот згаснува.
А црвениот пламен го бара местото на моето срце
и таму полека во огромно пламено дрво израснува.

Седам сам,заробен во зелената одаја на дворот.
Нема никого : ни пријатели,ни блиски,ни непознати.
Седам сам со својот пламен во градите.
Пламенот ме огрева посилно и од зборот
на поетите
исчезнати во семирот и синевината
барајќи го светот на убавината,
непозната и ненадмината.

Црвениот трендафил како крв се шири,истекува,
а овој пламен во градите навек тука ќе векува.